СТОПАНСКА БАНКА
а.д. Битола

**СО 51. седница**
**30.10.2023 година**
**Точка на дневен ред бр.3**

# ОДЛУКА

## за именување член на Надзорниот одбор
## на Стопанска банка а.д. Битола

**Битола, септември 2023 година**

Врз основа на член 45 од Статутот на Стопанска банка а.д. Битола (пречистен текст) СО бр. 02-6487/1/II-7 од 4.5.2023 година, Собранието на Банката на својата 51. седница, одржана на 30.10.2023 година, донесе

# ОДЛУКА

**Член 1**

За член на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола со мандат од 4 (четири) години се именува:

1. **м-р Антони Пешев- независен член**

**Член 2**

На именувани членови на Надзорниот одбор ќе им се исплаќа месечен нето-износ од 50 000,00 денари, како надоместок за учество и работа на седниците, како и јавни давачки во согласност со закон.

На именуваниот член на Надзорниот одбор кој ќе биде избран за Претседател на Надзорниот одбор ќе му се исплаќа месечен нето-износ од 60 000,00 денари како надоместок за учество и работа на седниците, како и јавни давачки во согласност со закон.

**Член 3**

На членови на Надзорниот одбор кои живеат надвор од седиштето на Банката, односно надвор од Битола, ќе им се исплатува и надоместок во висина на трошоци за патување и сместување, по претходно приложени фактура или друга соодветна документација.

**Член 4**

Пријавата за упис на именуван член на Надзорниот одбор во трговскиот регистар ја поднесува Секторот за правни работи и управување со Кабинет на Управен одбор.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила по добивање претходна согласност од гувернерот на Народна банка на Република Северна Македонија.

**СО бр. 02-14927-1/II-3**
**Битола, 30.10.2023 година**

**Собрание**
**Стопанска банка а.д. Битола**
**Претседавач**

СТОПАНСКА БАНКА а.д. БИТОЛА 1